**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Прим. | 13.04.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1908 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен;

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово

3. **Период опфатен со надзорот:** 14 март 2018 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 12 април 2018 година;

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

- **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);

- **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);

- **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија“ бр.201/14);

- **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);

- **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);

- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);

- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, емитуван на 14 март 2018 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16, 17 и 22 ставови 1 и 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

На 14 март 2018 година, на програмскиот сервис на ТРД АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, беше емитувана епизодата „Виолинист" од серијата „72 Hours true crime" (72 Часа: Реален криминал). Пред почетокот беше означена како програма од Втора категорија (8+), а во текот на емитувањето како програма од Трета категорија (12+). Продукциската замисла на серијата „72 Часа: Реален криминал", се врамува во жанрот – „докудрама", или, описно: документарен филм со играни делови што служат за детективска и за форензичка реконструкција на реални (фактички) криминални случаи. Оттаму, најголемиот дел од емитуваната получасовна аудиовизуелна целина – епизодата со наслов – „Виолинист", се заснова врз – детални описи, и врз долготрајни сцени снимени со крупни кадри (глетки) што можат пред сè да ѝ наштетат на малолетната публика, но и на емотивно ранлива и психолошки помалку стабилна публика што може силно да се вознемири од исповед и од аудиовизуелен материјал (снимки / фотографии) што служат како сведоштво за криминал со смртни последици. Важно е дека и оригиналната монтажа на емитуваната епизода веќе во најавата носи соодветно предупредување (цитат): „*Оваа програма содржи материјали со насилство што можат да вознемират одредени гледачи. Силно е препорачлива предостржност.*" Поради сето ова, емитуваната епизода од документарно-играниот серијал 72 Часа: Реален криминал, требало да биде класифицирана како програма од четврта категорија (16+), односно да се емитува по програмската брана од 22 часот.

Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, епизодата „Виолинист" од серијата „72 Часа: Реален криминал" беше погрешно означена и емитувана во несоодветен период од денонокието.

**14 март 2018 година**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| 72 часа реален криминал - Виолинист ("72 Hours true crime") | 21:22:06 | 21:44:46 |

| **Опис:** |
|---|
| Епизодата од серијата е погрешно означена како програма од Втора категорија на почетокот и од Трета категорија во текот на нејзиното траење.<br>Според насоките и класификациските критериуми од Правилникот за заштита на малолетните лица, епизодата треба да се означи како програма од Четврта категорија (16+) и да се емитува само во периодот од 22:00 до 05:00 часот. |

Исто така, емитуваните промотивни најави за епизодата Виолинист од серијата „72 Hours true crime", содржеа сцени и глетки што можат да им нанесат штета на малолетните лица, а не беа обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува, што е спротивно на член 50 став 3 од Законот и на член 22 ставови 1 и 2 од Правилникот. Промотивните најави содржеа сцена снимена во крупен кадар што прикажува последица од брутално насилство.

**14 март 2018 година**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| Документар СБС - "72 Hours true crime" (72 часа реален криминал ) | 17:11:18 | 17:12:02 |
| | 17:52:12 | 17:52:57 |
| | 18:30:05 | 18:30:50 |
| | 19:52:33 | 19:53:18 |
| **Опис:** | | |
| Емитуваната промотивна најава за епизодата Виолинист од серијата "72 Hours true crime", содржи сцени и глетки што можат да им нанесат штета на малолетните лица. Промотивните најави за програмите не се обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува. | | |

Спротивно на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица, промотивните најави за играните серијали "Friends" и "The story of Tracy Beaker", беа емитувани без да бидат означени со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува.

**14 март 2018 година**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| "Friends" | 00:38:12 | 00:38:56 |
| | 04:47:11 | 04:47:47 |
| | 07:04:00 | 07:04:35 |
| | 13:28:23 | 13:28:59 |
| | 15:21:31 | 15:22:06 |
| | 15:55:52 | 15:56:27 |
| | 17:10:33 | 17:11:18 |
| | 17:53:06 | 17:53:41 |
| | 18:30:50 | 18:31:34 |
| | 19:53:28 | 19:54:03 |
| "The story of Tracy Beaker" | 00:37:51 | 00:38:12 |
| | 04:46:44 | 04:47:04 |
| | 13:27:56 | 13:28:16 |
| | 15:23:42 | 15:24:02 |
| | 15:58:41 | 15:59:01 |
| | 17:54:41 | 17:55:01 |

| | | |
|---|---|---|
| | 19:56:18 | 19:56:37 |
| **Опис:** | | |
| Промотивните најави за програмите не се обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува. | | |

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16, 17 и 22 ставови 1 и 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, на 14 март 2018 година, епизодата „Виолинист" од серијата „72 Hours true crime", беше емитувана со погрешна предупредувачка сигнализација и во несоодветен термин од денонoќието, а промотивните најави содржеа сцени и глетки што можат да им нанесат штета на малолетните лица и не беа обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува, додека промотивните најави за играните серијали "Friends" и "The story of Tracy Beaker" не беа обележани со сигнализацијата за заштита на малолетните лица.

**9. Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговско радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***